Влада на Република Северна Македонија
Генераленсекретаријат

Qeveria e Republikëssë Maqedonisë së Veriut
Sekretariati i përgjithshëm

Арх. број/ Num. ark.: 46-306/1
Датум/Data: 10.1.24

До Министерството за информатичко општество и администрација
бул. Св.Кирил и Методиј број 54, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

Предмет:Полугодишен извештај за претставки и предлози, за период од 1 јули до 31 декември 2023 година

Почитувани,

Согласно член 19 став (2) од Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/08, 13/13, 156/2015 и 193/2015), го доставуваме полугодишниот извештај за претставки и предлози, за период од 1.7.2023 до 31.12.2023 година, во кој се евидентирани 44 претставки и предлози, според следните критериуми на разликување:

- Форма на поднесување: 35 претставки и предлози се поднесени писмено, а 9 се поднесени електронски.

- Подносители на претставките и предлозите: 23 претставки и предлози се поднесени од физички лица, 13 претставки и предлози од правни лица, 4 претставки поднесени од други лица (застапници, полномошници, група граѓани и сл.) и 4 анонимни.

- Начин на постапување на претставките и предлозите: На надлежност и постапување на надлежните органи се доставени вкупно 33 претставки и предлози, 11 претставки и предлози беа одговорени на друг начин (странката не ја допрецизирала претставката, а е побарано да ја допрецизира, ја повлекла претставката/предлогот, не е јасна содржината, нема законска основа за постапување, има мислење на други институции).

Преглед на постапување по претставките и предлозите по области:

1. Од областа на имотно-правните односи, управата и судството, евидентирани се вкупно 16 претставки и предлози. Сите 16 се поднесени во писмена форма. Вкупно 4 претставки и предлози се поднесени од физички лица, 11 од правни лица и 1 од други (застапник, полномошник, група граѓани и сл.). Од нив, 13 претставки и предлози се препратени на надлежност до надлежните органи, а 3 се решени на друг начин.

2. Од областа на пензиското и инвалидското осигурување, здравствената, социјалната и детската заштита, евидентирани се 5 претставки и предлози. Од нив, 4 во писмена форма; 1 по електронски пат. Вкупно 4 се поднесени од физички лица, а 1 е поднесена од правно лице. Сите 5 се препратени на надлежност до надлежните органи.

3. Од областа на станбено комуналните работи, урбанизмот, градежништвото, сообраќајот и животната средина се поднесени 3 претставки, сите во писмена форма. Само 2 претставки се од физички лица, а 1 од други (застапници, полномошници, група граѓани и сл.). Од нив, 2 претставки се препратени на надлежност на надлежните институции, а 1 е решена на друг начин.

4. Од областа на образованието, вработувањето и правата од работен однос, евидентирани се вкупно 9 претставки или предлози, од кои 3 се писмено поднесени, а 6 електронски. Од нив, 5 се од физички лица, а 4 се анонимни. Вкупно 7 претставки се препратени на надлежни институции, 2 одговорени на друг начин.

5. Од останатите области евидентирани се вкупно 11 претставки или предлози, од кои 9 се писмено поднесени, додека 2 по електронски пат. Од нив 8 се од физички лица, 1 од правно лице и 2 од други (застапници, полномошници, група граѓани). Вкупно 6 претставки или предлози се препратени на надлежност до државни институции и 5 се решени на друг начин.

Искрено,

м-р Методија Димовски
генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

:

Подготвил Габриела Пачовска, советник
Одобрил Гоце Боболински, раководител на сектор

# ИЗВЕШТАЈ

за податоците коишто се однесуваат на постапувањето по претставки и предлози за периодот 1.7-31.12.2023 година

| Број на примени претставки и предлози | | | Област | Форма | | | Подносител | | | | Начин на постапување | | | | | | | Број на претставки и предлози по кои е постапено | | Број на претставки и предлози по кои не е постапено | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примени | Пренесени | Вкупно | | Усно | Писмено | Електронски | Физички лица | Правно лице | Други | Анонимни | Постапено | Непостапено | Постапката е во тек | Препратени на надлежност | Постапено по иниијатива на МП | Постапено по иницијатива наНП | На друг начин | Во законски пропишаниот рок | По истекот на рокот | Рокот за постапувањеизминал | Рокот за постапувањетече | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| 16 | 0 | 16 | Имотно правни односи, управа и судство | | 16 | 0 | 4 | 11 | 1 | 0 | | | | 13 | | | 3 | | | | | - |
| 5 | 0 | 5 | Пензиско-инвалидско осигурување, здравствена социјална и детска заштита | | 4 | 1 | 4 | 1 | 0 | 0 | | | | 5 | | | 0 | | | | | - |
| 3 | 0 | 3 | Станбено-комунални работи, урбанизам, градежништво, сообраќај и животна средина | | 3 | 0 | 2 | 0 | 1 | 0 | | | | 2 | | | 1 | | | | | - |
| 9 | 0 | 9 | Образование, вработување и права од работен однос | | 3 | 6 | 5 | 0 | 0 | 4 | | | | 7 | | | 2 | | | | | - |
| 11 | 0 | 11 | останато | | 9 | 2 | 8 | 1 | 2 | 0 | | | | 6 | | | 5 | | | | | - |
| 44 | 0 | 44 | Вкупно: | | 35 | 9 | 23 | 13 | 4 | 4 | | | | 33 | | | 11 | | | | | - |